Локален Музеј-Галерија Кавадарци

Бр 06-136/1

08.08 2022 год.

КАВАДАРЦИ

Архивски знак: 0603

Рок на чување: ...

20 22

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

**Локална установа – Локален Музеј – Галерија Кавадарци**

# П Л А Н

# ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

**Кавадарци, ___________ 2022 година.**

Локален Музеј-Галерија Кавадарци КАВАДАРЦИ

## С О Д Р Ж И Н А


- Одлука за донесување на План за заштита и спасување
- Одлука за формирање на единици
- Општи карактеристики
- Процена на можната загрозеност
- Организацијата и спроведување на мерките за заштита и спасување
- Превентивните мерки за заштита и спасување
- Оперативните мерки за заштита и спасување
- Организацијата на вработените и имотот
- Упатството за извршување на мобилизација
- Дневник за дежурства
- Телефонски именик на вработените
- Телефонски именик на субјекти со кои ќе се соработува

"Локален Музеј-Галерија Кавадарци

Бр 02-106/4
07.06 20 22 год.
КАВАДАРЦИ

Врз основа на член 94 од Законот за заштита и спасување („Сл. весник на РМ„ бр. 93/2012 ) Управниот одбор на Локален Музеј – Галерија Кавадарци , на ден 07.06.2022 година донесе

**О Д Л У К А**

за формирање на единица за заштита и спасување на
Локален Музеј – Галерија Кавадарци

Член .1.

СЕ ВРШИ формирање на единица за заштита и спасување во рамнки на Локален Музеј – Галерија Кавадараци во следниот состав :

1. Томе Крстевски
2. Трајче Цветков
3. Раде Атанасов
4. Весна Ѓорѓиева
5. Елизабета Ристова
6. Марија Михова
7. Билјана Галабова
8. Јаким Зимоски
9. Јулијана Сарафинова
10. Македонка Паракеова
11. Натка Китева
12. Маричка Јосифовска
13. Даниела Ѓорѓиева
14. Даниела Ристеска

Член .2.

Одлуката стапоува на сила на денот на нејзиното донесување, а ќе се применува по добивање согласност од Дирекцијата за заштита и спасување.

Управен одбор при
Локален Музеј – Галерија Кавадарци
Претседател :
Јаким Зимоски

**ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ ЗА**

Локална установа – Локален Музеј – Галерија Кавадарци

## 1. Положба и големина на Локален Музеј – Галерија Кавадараци .

Се наоѓаат на ул. 7 ми Септември бр. 58 Кавадарци .
Вкупна корисна површина на Локален Музеј – Галерија Кавадарци износува 340 м2.
Локален Музеј – Галерија Кавадарци се наоѓа на парцела КП 13025 ИЛ.бр 12819 и тоа:
зграда 1 – кат 1 со површина од 125м2
зграда 1 – кат Поткровје со површина 114 м2
зграда 1 – подрум со површина 101 м2
зграда 1 – земјиште под зграда 180 м2
зграда 1 – дворно место 263 м2

Локален Музеј – Галерија Кавадарци функционира во 3 ( три ) служби – Административна , Стручна и Помошно техничка и секоја си ја извршува својата дејност во рамките на Статутот и Правилникот за организација на работата и систематизација на работните места.
Во состав на Локален Музеј – Галерија Кавадарци работат и следните објекти:

1. Музеј на традиционална тиквешка храна,
2. Спомен куќата на народниот херој Страшо Пинџур,

## 2. Број на вработени, старосна структура и образовна структура

Во Локален Музај – Галерија Кавадарци вработени се вкупно 14 работници на неопределено работно време од кои 4 мажи и 10 жени.

**СТАРОСНА СТРУКТУРА:**

| Реден бр | Старосна гр.од-до | Бр. на работници |
|---|---|---|
| 1 | до-29 | 0 |
| 2 | 30-34 | 0 |
| 3 | 35-39 | 4 |
| 4 | 40-44 | 2 |
| 5 | 45-49 | 1 |
| 6 | 50-54 | 5 |
| 7 | 55- | 2 |
| **ВКУПНО: 14** | | |

**ОБРАЗОВНА СТРУКТУРА**

| |
|---|
| Основно образование,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,1 |
| Средно образование (3години) ,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,0 |
| Средно образование (4 години),,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,3 |
| Више образование ,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,0 |
| Високо образование ,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,10 |
| Докторат,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,0 |

Локален Музеј – Галерија Кавадарци располага со следните материјално технички средства: ППА, колички, лопати, грибла, чизми, чевли, заштитни маски, торби за прва медицинска помош, маси, столици.

Локален Музеј – Галерија Кавадарци е локална установа од посебен интерес и обавува музејска, заштитна и галериска дејност.

Оттука се наметнува и потреба од континуирано оспособување на вработените за вршење на дејноста за заштита и спасување.

Документацијата во Локален Музеј – Галерија Кавадарци (архивската граѓа) е спакована во архивски кутии и регистратори кои се наоѓаат во посебна просторија , а музејските експонати се наоѓаат во музејските поставки во зградата, и во депоа. Во случај на појава на елементарни непогоди е должна да го извести Министерството за култура како ресорно министерство, локалната самоуправа, а по потреба и Дирекцијата за заштита и спасување. Со цел да ја извршува со успех својата улога ЛОкален Музеј – Галерија Кавадарци ќе претрпи одредени промени заради прилагодување и приспособување за работа во новонастанатите услови.

3. **Процена на можната загрозеност**

Според својата географска положба Локален Музеј – Галерија Кавадарци би можела да биде загрозено од:

**а-земјотреси и урнатини**
**б-пожари и експлозии**
**г-поплави**

Бидејќи работата во Локален Музеј – Галерија Кавадарци се одвива во една смени, од вкупниот број на посетители и 14 вработени, во случај на елементарна непогода или друга несреќа, во ЛУ- Локален Музеј – Галерија Кавадарци би се наоѓале околу 14 лица кои би требало да се евакуираат, зrрижат или засолнуваат.

**ЗАСОЛНУВАЊЕ**

Оваа мерка се подготвува во мирновременски услови со изградба на засолништа и обезбедување на доволен број засолнишни места. Локален Музеј – Галерија Кавадарци има засолниште (подрумските простории) за основна намена - Депо и можност за сместување на 14 лица.

**ШЕМА ЗА ЗАСОЛНУВАЊЕ**

Доколку се јави потреба од засолнување ќе се користи ( визбениот) простор на Локален Музеј – Галерија Кавадарци и тоа:

Корисниците од први спрат и поткровје ќе бидат сместени во ( визбените ) простории.

# Организацијата и спроведување на мерките за заштита и спасување

## ЕВАКУАЦИЈА

**ГЛАВНИ ЗАДАЧИ:**

-изготвува план за евакуација на објектот на Локален Музеј – Галерија Кавадарци;
-ги дефинира правците за евакуација, примарни и споредни;
-одредува локација на која ќе се евакуираат корисниците, материјалните средства (теренот позади и пред Локален Музеј – Галерија Кавадарци, а по потреба надвор од градот во зависност од видот на опасноста );
-по несреќата веднаш се одлучува кој е безбеден правец локација на евакуација;
-одредува алтернативни правци за движење алтернативна локација за евакуација;
-го известува ОШ и бара помош по потреба.

Евакуација е планско, организирано, контролирано и привремено преместување на населението и материјалните добра од потенцијално загрозено или веќе загрозено подрачје на помалку загрозено или потполно безбедно подрачје. Се спроведува при настанување на опасности од пожари, земјотреси и други опасности. Завршува до одење на посетителите дома.

Локален Музеј – Галерија Кавадарци располага со музејски експонати ( археолошки, етнолошки, историски, уметнички дела, библиотечен фонд ) кој се сместени во депоата и музејските поставки во следните објекти:

1. Локален Музеј – Галерија Кавадарци ,
2. Музеј на традиционална тиквешка храна ( Спомен соба на Никола Бадев и Васил Хаџиманов)
3. Спомен куќа на народниот херој Страшо Пинџур,

Евакуацијата ќе се одвива од музејските поставки во депоата на зградата во Локален Музеј – Галерија Кавадарци.

Бидејќи Локален Музеј – Галерија Кавадарци работи во една смена во случај на елементарна непогода или друга несреќа, во Локален Музеј – Галерија

Кавдарци би се наоѓале околу 14 лица и над 30 експонати кои би требало да се евакуираат, згрижат или засолнат.

**Евакуацијата** се изведува по планот за празнење на Локален Музеј – Галерија Кавадарци, на начин обработен во овој документ. Евакуацијата е завршена во моментот кога корисниците се однесени во своите домови. За евентуална евакуација надвор од градот одлучува Владата на РМ, а се изведува согласно планските решенија на Дирекцијата за заштита и спасување.

Задолжени за евакуација се:

1. Томе Крстевски – одговорно лице
2. Трајче Цветков
3. Раде Атанасов

## СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

**ГЛАВНИ ЗАДАЧИ:**

- Презема мерки за заштита од уривање;
- Учествува во набавка на опрема за откривање, пребарување, расчистување, спасување и извлекување;
- Се информира и обучува за постапките што се предвидени според планот;
- По несреќата врши извидување на урнатини и пребарува евентуално преживеани и затрупани лица користејќи механичко акустички детектори;
- Пронајдените затрупани ги извлекува и го известува тимот за ПМП на кое место се наоѓаат повредените. По укажаната помош ги евакуира до медицинскиот пункт кој се наоѓа пред Локален Музеј – Галерија Кавадарци ;
- Го известува ОШ или директорот на Локален Музеј – Галерија Кавадарци за поголеми оштетувања;
- Врши осигурување на оштетените делови заради спречување на дополнителните последици.

Урнатините можат да настанат од силен земјотрес над 8 степени по Меркалиевата скала.

Локален Музеј – Галерија Кавадарци е составена од подрум , спрат и поткровје граден од камен, плочи и бетонски столбови со прописно превземените превентивни градежни мерки со што се намалува ризикот од рушење на објектот кај помали разорнувачки катастрофи.

За спроведување на оваа мерка за заштита треба да учествува Локалната самоуправа , како и сите неповредени вработени.

-во секој момент екипата за спасување , треба да ги има на располагање сите МТС

(скали, копачи, лопати, носила и др.);
-по знакот за прекин на опасноста се отпочнува кон пребарување на урнатините со предходно исклучување на струјата и водата, да се избегнат дополнителни последици (поплави, струен удар кај преживеаните затрупани лица);
-пружање ПМП на пронајдените преживеани лица и правилно извлекување и отстранување од под урнатините;
-пренесување до здраствената установа или до одреден пункт.

За успешно реализирање на оваа мерка Локален Музеј – Галерија Кавадарци е должна да:
1.Обезбеди извршители на оваа мерка од стручниот кадар и техничкиот персонал;
2.Да обезбеди материјални средства и алати, справи за спасување и расчистување во рамките на своите можности.

**ТИМ ЗА СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ**

Го сочинуваат следните 3 лица
1. Крстевски Томе
2. Даниела Ристевска
3. Раде Атанасов

Овие лица треба да ги познаваат основните правила за пребарување, откривање на затрупаните, повредени и можни жртви, поточно да бидат обучени за сите наведени активности . Тимот треба да биде опремен со копачи, лопати, машини за сечење бетон, јажиња, лествици, скали, носила и др.

## ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ

### ГЛАВНИ ЗАДАЧИ:

- Локален Музеј – Галерија Кавадарци има изготвено План за ППЗ според пропишаните стандарди кои тимот за ППЗ треба да го користи;
- запознавање и обука на вработените со основните правила за ППЗ;
- учествува во набавка на материјални средства кои Локален Музеј – Галерија Кавадарци е должна да ги има (ПП апарати, хидранти, црева, копачи, лопати, резерви од песок и др.);
- одстранува дополнителни предизвуикувачи на пожар (плински и осигенски боци, редовно контролирање на исправноста на инсталациите);
- гаси и локализира пожар во и околу Локален Музеј – Галерија Кавадарци, а по потреба ја известува ПП бригадата;
- учествува во спасување на корисниците и персоналот (се користат 2 два влеза ).

Тргнувајќи од фактот дека пожарите се честа појава како пропратна манифестација на некое друго загрозување неопходно е Локален Музеј – Галерија Кавадарци постојано да се подготвува и дополнува со материјални средства.

Електричната инсталација е можна причина за евентуално настанување на

пожар, како и невнимание на некои од корисниците.

Објектот на Локален Музеј – Галерија Кавадарци располага со 1 едно црево 1/2" и е достапни за сите простории. Поставени се 2 противпожарни апарати С- 9 и редовно се сервисираат во основниот објект , 2 противпожарни апарати С – 9 во Музејот на традиционална тиквешка храна и редовно сервисирани и 1 противпожарен апарат С – 9 во Спомен куќата на народниот херој Страшо Пинџур исто така редовно сервисиран.

**Превентивни мерки:**

- Обука и оспособување на вработените за ППЗ;
- Формирање и обучување на тим за ППЗ;
- Се утврдуваат и евидентираат изворите на вода низ просториите во Локален Музеј – Галерија Кавадарци , нивните капацитети и можности за користење;
- Ќе се врши редовна контрола на исправноста на изворот на вода особено повремено отварање на цревата.

Поставени се 5 противпожарни апарати: ППА С - 9 добро се распоредени и редовно се сервисираат.
Се поставуваат садови со вода и садови со песок (во најлон кеси кои лесно се кинат).

На одредено место се поставува потребен алат и прибор (лопати, копачи, секири, скали од 3 метра, и сл.).

Се превземаат и следните мерки:

- ослободување на пожарните патишта за да може да интервенира ПП служба;
- одржување на хигиена, прописно чување и ракување со лесно запаливите и експлозивните средства;
- придржување кон мерките на заштита при ракување со апаратите кои предизвикуваат топлина (апарати за заварување, парниот котел, електричниот шпорет);
- при видна неисправност на електричните инсталации превземање мерки во однос на исклучување на електричната енергија;
- контролирање на дисциплината и однесувањето на корисниците за време на престојот во Локален Музеј – Галерија Кавадарци ;

Противпожарни апарати поставени се: 4 по ходниците и 1 во депото, заедно со упатство за ракување на ПП апаратите.
При појава на пожар од мали размери се користат изворите на вода и против пожарните апарати и песокот за да се локализира пожарот и истовремено се известува Пожарната служба.

ОПЕРАТИВНИ МЕРКИ: Единицата за ЗС учествува во локализирање на почетен пожар со користење на предходно набавените средства за гасење на пожар и тоа:

- давање помош и заштита на оние кои би биле загрозени од пожарот и нивно

дислоцирање на безбедно место.
- Се повикува Противпожарната единица на градот Кавадарци.

**Одговорни за заштита и спасување од пожар се:**

1. Томе Крстевски
2. Јаким Зимоски
3. Трајче Цветков

Членовите на тимот треба да се обучат за користење на ПП апарати, да се оспособени да користат повеќе техники и средства според видот на пожарот. Треба да знаат кога, како, каде и што да се исклучи ( вода, струја и парно).

## РХБ ЗАШТИТА

**ГЛАВНИ ЗАДАЧИ** :

- Заштита на корисниците и вработените кои се затекнале во Локален Музеј – Галерија Кавадарци во моментот на настанување на РХБ опасноста;
- Затворање на прозори, врати и сите други отвори како би се спречило влегувањето на контаминирани честички од надвор;
- Употреба на РХБ заштитни средства и опрема со кои располага Локален Музеј – Галерија Кавадарци , а ако нема такви, покривање на отворените делови од телото со облека, ставање на влажни марами околу устата и сл.;
- Чекање на сигнал од Дирекцијата за ЗС кога да се изврши евекуација на корисниците и на кој начин.

Потребата од РХБ заштита доаѓа поради можноста од терористички напади, хаварии на нуклеарни централи во соседните држави како несреќи во фабрики кои работат со опасни материи.

РХБ заштита се организира заради спречување, ублажување или отстранување на последиците за населението, животните и растенијата во случај на дејство на РХБ средства.

Радиолошка, хемиска и биолошка заштита опфаќа заштита на населението, животните, растенијата и материјалните добра преку откривање, следење и контрола на опасностите предизвикани од несреќи со опасни материи, како и опасностите од радиолошко, хемиско и биолошко оружје и преземање мерки и активности за заштита и отстранување на последиците од нив.

**МЕРКИ :**

1.Превземање мерки за опремување со средствата за лична и колективна заштита;

2.Одговорното лице за спасување ги известуваат своите членови за средствата, местото на нивно чување и начин на употреба на тие средства.

3.Висок степен на опременост и обученост од дејството на АБХ борбените средства;

4.На даден сигнал од ДЗС вработените во Локален Музеј – Галерија Кавадарци и корисниците треба да ги искористат специјалните или приручните средства за лична заштита и да се упатат во подрумскиот дел од Локален Музеј – Галерија Кавадарци кои пружаат мал степен на заштита додека се вклучат единиците за АБХ заштита или надвор од градот на безбедно место каде не постои опасност од АБХ контаминација. Во Локален Музеј – Галерија Кавадарци не постои опрема која би се користела во случај на АБХ опасност.

5.Потребно е локалната самоуправа да организира курсеви за корисници и вработни за обука во случај АБХ опасност како и да обезбеди средства за набавка на потребна опрема за заштита од опасноста од АБХ.

## ПРВА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ

### ГЛАВНИ ЗАДАЧИ:

- Определување и набавка медицински материјал ( Завои, триаглести марами, крамерови шини, гевречиња, алкохол, пудри, аналгетици и др.);
- Спроведува преглед за здраствена состојба на вработените користејќи ја евиденцијата од систематските прегледи;
- Обезбедува телефонски броеви од медицинските установи на кои треба да се обрати установата (194);
- Организира обука за прва медицинска помош за вработените кои се вклучени во тимот;
- Во соработка со Црвениот крст организира обука за корисниците од областа на првата медицинска помош;
- За време на непогодата го известува директорот за бројот и видот на повредените;
- Укажува прва помош со стандардни и приручни средства на местото на повредувањето, врши медицинска тријажа на повредените, излекување и евакуација на повредените до предходно направениот медицински пункт на паркингот пред Локален Музеј – Галерија Кавадарци и дворот во установата до здраствена установа;
- Преку ОШ бара помош од здраствените институции;

Овој тим по потреба интервенира со тимот на пребарување и спасување.

Во случај на елементарна непогода или друга несреќа, бидејќи не може да се очекува брзо пристигање на стручна медицинска помош или нема можност

повредените да се транспортираат брзо до некоја здравствена установа, од непроценлива важност е познавање на основните работи за давање на прва медицинска помош. ПМП се спроведува со цел спасување на животот на повредените и спречување на инвалидитет.

Имајќи ги во предвид сите видови опасности потребно е благовремено и редовно да се опремуваме и обучуваме со средства за прва медицинска помош кои можат да бидат прирачни и специјални. Потребен е посебен ангажман за обезбедување на средствата за прва помош и неопходна санитетска опрема. Задолжително запознавање на вработените со какви средства се располага и каде овие средства се чуваат и начинот на нивната употреба. Сите вработени на службите како и водител на секоја екипа треба да ги знаат најголемите здраствени станици, телефонските броеви.

**Превентивните мерки** за заштита и спасување опфаќаат стандарди и нормативи при планирањето и уредувањето на просторот, спроведување на активности и мерки за навремено предупредување на населението за можни опасности и обезбедување на материјални средства за лична и колективна заштита како и кадровски опремен и обучен потенцијал.

**Оперативните мерки** за заштита и спасување се остваруваат преку планирање, организирање и преземање на активности и мерки во случај на непосредна опасност, за време на траење на опасноста и отстранување на последиците од опасноста.

МЕРКИ :

1.Преглед проценка на видот и бројот на повредените;

2.Јавување и барање помош од екипи за стручна медицинска помош;

3.Укажување на прва медицинска помош која ја вршат само добро обучени лица од тимот за ПМП и други вработени кои следеле курс за ПМП и кои добро се обучиле за правилно укажување на ПМП односно ги совладале следниве постапки за укажување на прва помош

- Постапка со повредениот;
- Преглед на повредениот - состојби кои бараат неодложна помош, (губење свест, вештачко дишење, надворешна масажа на срцето и масажа на срцето);
- Постапка при давење;
- Постапка при повреда од електрична енергија;
- Скршеници на коските (имобилизација на скршеници, повреда на глава, повреда на вратот, градниот кош, стомакот, рбетниот столб, карличната коска);
- Постапување при топлотни и хемиски повреди, труење со гасови и сл.

По успешно укажаната ПМП следува транспорт до здраствена установа или на предходно поставен пункт за таа намена. Санитетскиот транспорт е најдобро да се изведе со санитетско возило за сериозно повредените, а за останатите транспортот

може да го извршат и наши вработени кои во моментот располагаат со сопствено возило. Паркингот пред зградата на Локален Музеј – Галерија Кавадарци и дворното место можат да се искористат за лоцирање на пункт за укажување на прва медицинска помош.

Го сочинуваат три лица од кои еден има поминато курс - обука за укажување на прва медицинска помош.Членовите на тимот се:

1. Јулијана Сарафинова
2. Раде Атанасов
3. Македонка Паракеова

## НАЧИНОТ НА РАКУВАЊЕ И УПОТРЕБА НА ПЛАНОТ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

За ракување со документите од Планот за заштита и спасување, Управниот одбор на Локален Музеј – Галерија Кавадарци го определува лицето Јулијана Сарафинова родена на 03.10.1982 со место на живеење во Кавадарци, ул.Бул.Македонија бр.3/1/7, тел. 070 324 023 за ракувач за изработка и употреба на Планот за заштита и спасување.
Ракувањето со Планот за заштита и спасување опфаќа водење на евиденција на документите, нивно ажурирање, изменување и дополнување. Евиденцијата на документите од Планот за заштита и спасување се врши согласно прописите за архивска граѓа.

Ажурирањето на документите од Планот за заштита и спасување се врши континуирано согласно потребите и плански.

Планот за заштита и спасување содржи документи за:

- подготвеност на силите за заштита и спасување;
- мобилизација на силите за заштита и спасување, материјално-техничките средства и опремата и
- ангажирање на силите за заштита и спасување.

Со документот за подготвеност на силите за заштита и спасување се обезбедува благовремено спроведување на мерките за заштита и спасување во однос на степенот на загрозеност од природни непогоди и други несреќи.
Со документот за подготвеност на силите за заштита и спасување се одредува степенот на загрозеност, извршителите на активностите, роковите и потребните средства за извршување на задачите.

Документот за мобилизација на силите за заштита и спасување, материјално-техничките средства и опремата опфаќа:

- подготовки и активирање на учесниците во заштитата и спасувањето и
- вклучување на силите за заштита и спасување и материјално-техничките средства и опрема и нивно планско, правовремено и организирано доведување во состојба на подготвеност за извршување на задачи за заштита и спасување.

Документот за ангажирање на силите за заштита и спасување се состои од заеднички и посебни документи, со кои се врши процена и планирање на задачите и постапките по мерките за заштита и спасување, начинот на употреба и раководење со силите за заштита и спасување и обемот на мерките кои се преземаат.

## Организацијата на вработените и имотот

Согласно изготвената процена на загрозеност, за потребите за заштита и спасување, Локален Музеј – Галерија Кавадарци формира единица за заштита и спасување.

При укажана потреба работниците од Локален Музеј – Галерија Кавадарци се должни на повикот да се јават во институцијата и се вклучат во универзални единици за заштита и спасување.

Универзалните единици за заштита и спасување се формираат во помали и ефикасни состави, а во состав на одделението постојат и екипа со водител односно Одговорно лице од редот на вработените – Томе Крстевски и извршители.

За ефикасно извршување на мобилизација за секој припадник на универзална единицата за заштита и спасување се пополнува покана и се организира курирска служба.

Од обврската од предходниот став се ослободуваат: бремени жени и болни лица и други оправдани причини поради кои не се способни да учествуваат во единиците за заштита и спасување.

**П Р Е Г Л Е Д**
на персонален состав

| Ред број | Име и презиме | Адреса | Телефон | Образование | Работна позиција Должност |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Томе Крстевски | Киро Спанџов 85 | 070 265 602 | Дипл. Етнолог | Директор |
| 2 | Трајче Цветков | Ќиро Каракулев 8А | 071 219 166 | Дипл. Ист. На уметност и археологија | Виш кустос |
| 3 | Раде Атанасов | Илинденска 19/3 | 072 254 242 | Дипл. Археолог | Виш кустос |
| 4 | Јаким Зимоски | Ѓорѓи Соколов 118 | 078 830 168 | Дипл. Менаџмент | Виш соработник за финансии |
| 5 | Весна Ѓорѓиева | Тоде Мајсторчев 9 | 075 344 665 | Дипл. Ист, на умет. И археологија | Кустос Советник |
| 6 | Марија Михова | Вардарска 15 | 070 655 321 | Дипл. Историчар | Кустос |
| 7 | Билјана Галабова | Велко Влаховиќ 6/14 | 075 383 170 | Дипл. Историја на уметност | Кустос |
| 8 | Натка Китева | Велко Влаховиќ 2/2/6 | 071 288 158 | Дипл. Историчар | Кустос |
| 9 | Јулијана Сарафинова | Булевар Македонија 3/1/7 | 070 324 023 | Дипл. Правник | Виш соработник за правни работи |
| 10 | Елизабета Ристова | 1-ви Мај 3 | 070 239 254 | Дипл. Ист. На уметност со археологија | Кустос |
| 11 | Маричка Јосифовска | Моша Пијаде 9-2/16 | 070 394 031 | Средно Биротехничко | Документатор |
| 12 | Македонка Паракеова | 7 ми Септември 33 | 072 206 944 | Средно Гимназиско | Референт |
| 13 | Даниела Ѓорѓиева | 41-ва Девизија 7 | 075 332 245 | Основно образование | Хигиеничар |
| 14 | Даниела Ристеска | Партизанска 10 | 071 261 319 | Средно шумарско | Хигиеничар |

**Дневник за дежурства ( Дневникот на ежурства се активира во сл на елементарна непогода или најава претходна за некоја елементарна непогода ова да се наведе ) и да се стават пак сите вработени**

| Ред. бр. | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ДАТА | АКТИВНОСТ |
|---|---|---|---|
| 1 | Томе Крстевски | | |
| 2 | Трајче Цветков | | |
| 3 | Раде Атанасов | | |
| 4 | Јаким Зимоски | | |
| 5 | Весна Ѓорѓиева | | |
| 6 | Марија Михова | | |
| 7 | Билјана Галабова | | |
| 8 | Натка Китева | | |
| 9 | Јулијана Сарафинова | | |
| 10 | Елизабета Ристова | | |
| 11 | Маричка Јосифовска | | |
| 12 | Македонка Паракеова | | |
| 13 | Даниела Ѓорѓиева | | |
| 14 | Даниела Ристеска | | |

**СУБЈЕКТИ СО КОИ ЌЕ СОРАБОТУВА;**

1. Дирекција за заштита и спасување ____________________
2. Центар за управување со кризи 195
3. Полиција 192
4. Брза помош 194
5. Пожарна 193
6. Електродистрибуција 089088888
7. Водовод 043 414 418
8. Клинички центар 043 413 315

9. Министерство за култура 023240540
10. Управа за заштита на културното наследство 023289700
11. Музеј на Македонија 023116044
12. Национален конзерваторски центар 023289800
13. Музеј на свремена уметност 023117734
14. Музеј на град Скопје 023114742

## Планот е изработен согласно:

1. Закон за заштита и спасување ( Сл. весник на РМ бр. 93/12 )

2. Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето ( Сл. .весник на РМ бр. 76/06 )

3. Уредба за начинот на ракување и употреба на Планот за заштита и спасување и содржината, ракувањето и употребата на Плановите за заштита и спасување на единиците на локална самоуправа, трговски друштва, јавни претпријатија, установи и служби ( Сл.весник на РМ бр.76/06 )

4. Одлука за утврдување на персонален и материјален состав на силите за заштита и спасување ( Сл.весник на РМ бр. 124/06 )

**Претседател на УО**

„Локален Музеј-Галерија Кавадарци" КАВАДАРЦИ

Република С. Македонија
Влада на Република С. Македонија
**Дирекција за заштита и спасување**

Република с. Македонија
Влада на с. Република
Македонија
Дирекција за заштита и
спасување
**ПОЗС Кавадарци**

ул. 7 Септември бр.49
1430 Кавадарци,

Тел. 043 415 226
Факс. 043 415 226
e-mail: dzs@dzs.gov.mk

| Локален Музеј-Галерија Кавадарци | | | |
|---|---|---|---|
| Примено: 26-08-2022 | | | |
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредно |
| 06 | 148 | 2 | |

**Архивски број**
**09-71/2**
**22.08.2022**

Врз основа барањето бр.06 -136/4 од 08.08.2022 година,а во согласност со член 14 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04,49/04 , 86/08,124/10,18/11 и 93/12-Пречистен текст) **Дирекцијата за заштита и спасување-ПО Кавадарци го разгледа доставениот План Процена на загрозеност на Локален Музеј Галерија Кавадарци** од природни непогоди и други несреќи, и го дава следното

**М И С Л Е Њ Е**

Гледано во целина Планот за заштита и спасување (Процена и План заедно) е изработен во рамките на Методологијата за содржината и начинот на на проценувањето на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Сл.весник на РМ бр.76/2006) и во доволна мера е прилагоден на реалните услови и потреби за заштита и спасување на Локален Музеј Галерија Кавадарци ,Општина Кавадарци

Во **процената на загрозеност** од природни непогоди и други несреќи земени се во обзир сите елементи на процена (процена на степенот на загрозеност,големината на последиците,можноста за заштита и спасување, расположивите и потребните сили и средства и др.) кои претставуваат основа за изработка на планот за ЗС.

Во **Планот за заштита и спасување** застапени се потребните превентивни и оперативни мерки и постапки по поодделните мерки за заштита и спасување.

Детално се вградени потребните превентивни и оперативни мерки за ЗСи тоа по сите видови на можни загрозувања Дадените мерки и постапки за ЗС се коректни и со понатамошна разработка и практично увежбување може да го обезбедат потребниот степен на заштита и спасување.

**Заклучок :**Се дава позитивно мислење на Планот за заштита и спасување,со напомена дека истиот тековно треба да се ажурира ,пришто тежиште треба да се даде на извршувањето и обезбедувањето на потребните стредства за заштита од пожари,како и обуката-оспособување на вработените за примена на истите.

Изработил-Драги Котев

РАКОВОДИТЕЛ
ДРАГИ КОТЕВ

Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија
Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение
КАВАДАРЦИ

Доставено-до насловот
Архива